**ПРЕДЛОГ**

за воспоставување меѓуопштинска соработка со општините :
Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево за вршење работи во врска со проектот **„Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион"**.
Меѓуопштинската соработка се предлага да се воспостави во 11 општини во Источниот плански регион во областа на дигитализација на општинските услуги, во кои единиците на локална самоуправа имаат права и обврски кои што произлегуваат од Законот за локалната самоуправа и Законот за меѓуопштинска соработка.

**Цел на соработката**

Основна цел на соработката е зајакнување на квалитетот на општинските услуги во сите области на надлежност преку воведување на нови технологии, преку изготвување на софтверско решение што ќе опфати дигитализација на општинските услуги, и кое ќе биде заедничко за сите општини.
На овој начин ќе се обезбедат подобри услови за вршење на работите од надлежност на општините опфатени со воспоставувањето на оваа меѓуопштинска соработка.

**Остварување на соработката**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку **ВРШЕЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТИ ОД СТРАНА НА ЕДНА ОПШТИНА ЗА ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ ДРУГИ ОПШТИНИ .**
Во подготовката и спроведувањето на оваа соработка ќе учествува и Центарот за развој на Источен плански регион.
Предложената соработка е иницирана и поддржана од Министерството за локална самоуправа и УНДП преку проектот на УНДП: „Пост-КОВИД: општините како двигатели за одржливиот развој".

**Очекувани резултати од соработката**

Очекуваните резултати од оваа меѓуопштинска соработка се многубројни, но како главни очекувани резултати може да се наведат:
Воспоставен соодветен облик на меѓуопштинска соработка;
- Стандардизирани работни процеси во сите 11 општини вклучени во проектот;
- *Зголемена транспарентност на ЕЛС од ИПР;*
- *Подобрени општински услуги за граѓаните на Источен плански регион;*
- *Олеснето добивање на услуги преку дигитална платформа;*
- *Олеснето добивање на информации и поддршка во делот на социјални услуги;*
- *Намалено време за добивање на услуги од ЕЛС;*
- *Зголемување на дигитална писменост на граѓаните од ЕЛС;*
- *Зголемено задоволство на граѓаните од општинските услуги;*
- *Подобрена комуникација на ЕЛС со НВО, граѓани и бизнис сектор;*
- *Подобрување на МОС.*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

**За успешно спроведување на соработката потребно е да се реализираат следните активности:**

- Формирање на меѓуопштински тим за имплементација на проектот
- Анализа на работните процеси за минимум 20 услуги во сите области на надлежност (Услуги од области на урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина, локален економски развој, легализација на бесправно изградени објекти, образование, социјална заштита, култура, спорт, соработка со граѓански организации, слободен пристап до информации од јавен карактер, родова еднаквост)
- Изработка на техничка спецификација за набавка на софтвер и хостирање на истата од надворешна компанија
- Изработка на софтвер: изработка, тестирање и имплементација на проектот, и обуки на службениците за работа на системот во сите пет општини
- Промоција на системот и информирање на граѓаните за начинот на брз пристап до општинските услуги.

*Изработил: Никола Илиев*
*Конторлирал/Одобрил: Вишна Шорова-Ангелова*

Датум и место

_________________

Подносител,

_________________

Градоначалник на Општина Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" број 79/09), по однос на воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево за вршење работи во врска со проектот „**Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион**" до Советот на Општина Штип ја давам следнава:

**ПРОЦЕНА**

**За потребата за воспоставување на МОС меѓу општините Штип, Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево за вршење работи во врска со проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион"**

## 1. ВОВЕД

Општина Штип доби позитивен одговор на аплициран проект загрантови во рамки на проектот „Пост-КОВИД: општините како двигатели за одржливиот развој" објавен од канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Бирото за регионален развој. Меѓуопштинската соработка се предлага да се воспостави во 11 општини во Источниот плански регион во областа на дигитализација на општинските услуги, во кои единиците на локална самоуправа имаат права и обврски кои што произлегуваат од Законот за локалната самоуправа и Законот за меѓуопштинска соработка.

## 2. Цел на соработката

Основна цел на соработката е зајакнување на квалитетот на општинските услуги во сите области на надлежност преку воведување на нови технологии, преку изготвување на софтверско решение што ќе опфати дигитализација на општинските услуги, и кое ќе биде заедничко за сите општини.

На овој начин ќе се обезбедат подобри услови за вршење на работите од надлежност на општините опфатени со воспоставувањето на оваа меѓуопштинска соработка.

3. **Очекувани резултати од соработката**

Очекуваните резултати од оваа меѓуопштинска соработка се многубројни, но како главни очекувани резултати може да се наведат:

- Воспоставен соодветен облик на меѓуопштинска соработка;

- Стандардизирани работни процеси во сите 11 општини вклучени во проектот;

- *Зголемена транспарентност на ЕЛС од ИПР;*

- *Подобрени општински услуги за граѓаните на Источен плански регион;*

- *Олеснето добивање на услуги преку дигитална платформа;*

- *Олеснето добивање на информации и поддршка во делот на социјални услуги;*

- *Намалено време за добивање на услуги од ЕЛС;*

- *Зголемување на дигитална писменост на граѓаните од ЕЛС;*

- *Зголемено задоволство на граѓаните од општинските услуги;*

- *Подобрена комуникација на ЕЛС со НВО, граѓани и бизнис сектор;*

- *Подобрување на МОС.*

4. **Облик**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на ( Договор - вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини) според членот 9 став 2 од Законот за МОС.

5. **Финансиски импликации**

Средства за спроведување на проектот „ **Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион**" се обезбедени од страна на УНДП во износ од 2.623.750,00 МКД.

Партнер општините со меѓусебен договор, согласно Законот за меѓуопштинска соработка, детално ќе ги уредат меѓусебните односи. Одржувањето на системот ќе биде покриено од страна на партнер општините, со примена на методологијата на плаќање по глава на жител. Општина Штип ќе ги обезбеди човечки и технички

капацитети, а со договорот ќе се утврди заедничко одржување од сите партнерски ЕЛС. Со договорот за МОС општините заеднички ќе ја обезбедат техничката поддршка за граѓаните за користење на системот, одржливоста на платформата ќе биде заедничка на сите 11 општини кои што ќе придонесуваат за сите идни поправки и надградувања, што и формално ќе биде наведено во Договорот за МОС помеѓу Општина Штип и останатите општини од ИПР

## 6. Постапка за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Меѓуопштинска соработка се остварува според Законот за меѓуопштинска соработка кој ги уредува начините, општите одредби, постапката и облиците на соработка кои општините можат да ги склучат. Во смисла на овој закон, соработката се воспоставува запоефикасно и поекономично вршење на општинските надлежности и заедничка реализација на општи интереси и цели.

Одлука за воспоставување на МОС донесува секој од советитена општините со мнозинство гласови од вкупниот број членови иможе да се остварува преку склучување на договори со кои се утврдуваат заедничките права и обврски. Меѓуопштинската соработка се финансира од буџетите на општините, донации и спонзорства од правни и физички лица и други извори. Надзор над воспоставените соработки вршат општините. За таа цел, можат да формираат координативно тело со актот со кој се воспоставува меѓуопштинската соработка или со друга одлука на советите на општините во периодот на остварување на соработката. Актите за воспоставување на МОС се објавуваат во службеното гласило на општините. Постапката се состои од следните чекори:

1. Градоначалникот на Општина Штип поднесува Предлог и Процена до Советот на Општина Штип;

2. Советот на Општина Штип носи Одлука за утврдување на предлог ако истиот го прифати (предлогот се доставува до партнерските општини );

3. Градоначалниците на партнерските општини даваат Мислење за Предлогот до Советите на општините;

4. Советите на партнерските општини носат одлука заприфаќање на Предлогот;
5. Советите на општините формираат заедничка комисија заутврдување на предлогот за Актот за МОС; (градоначалниците носат Решение и номинираат членови во заедничката комисија);

6. Советите поединечно носат Одлука за воспоставување на МОС;

7. Врз основа на Одлуката се потпишува Договор за МОС.

## 7. Одржливост на проектот

Подобрената транспарентност и подобрата услуга која граѓаните ќе ја добијат со дигиталните услуги на подолг рок ќе резултира со подобри услуги од ЕЛС, зголемување на задоволството кај граѓаните и заштеда на средства.

Партнер општините со меѓусебен договор, согласно Законот за меѓуопштинска соработка, детално ќе ги уредат меѓусебните односи. Одржувањето на системот ќе биде покриено од страна на партнер општините, со примена на методологијата на плаќање по глава на жител. Општина Штип ќе ги обезбеди човечки и технички капацитети, а со договорот ќе се утврди заедничко одржување од сите партнерски ЕЛС. Со договорот за МОС општините заеднички ќе ја обезбедат техничката поддршка за граѓаните за користење на системот.

Сопственоста на целокупната опрема ќе биде на Општина Штип, одржливоста на платформата и опремата ќе биде заедничка на сите 11 општини кои што ќе придонесуваат за сите идни поправки и надградувања, што и формално ќе биде наведено во Договорот за МОС помеѓу Општина Штип и останатите општини од ИПР. Во поглед на заштита на податоците, имајќи предвид дека општина Штип ќе ја нуди услугата за техничко-административна поддршка за останатите општини и директно ќе управува со процесот на давање на дигитални општински услуги, ИТ секторот на Општина Штип ќе се грижи и за оптималното работење на дигиталната платформа и за редовно зачувување на податоци. Бидејќи станува збор за предмет на работа од чувствителна природа (во смисла на внесување на лични податоци на граѓани кои живеат во Источниот плански регион), потребно е да се обезбеди изведувач на работите кој што ќе го исполнува стандардот за систем со управување со безбедност на информации ISO 27001. Бидејќи ваквиот изведувач ќе биде избран преку јавна набавка, а во смисла на идни надградби и комплексности на софтверот, Општина Штип би склучила договор со истата фирма како би се гарантирала безбедноста на податоците кои што ќе бидат внесувани во самиот систем.

Оваа активност ќе овозможи соработка на ЕЛС од ИПР и на други слични активности, посебно дигитализација на други услуги. Платформата за дигитализација на општинските услуги на ИПР, во иднина, ќе прерасне во платформа за дигитални услуги на општините од ИПР, со лесна навигација низ дигиталните услуги на општините. На овој начин ќе се овозможи изедначеност и конзистентност во општинските услуги и размена на добри пракси помеѓу ЕЛС во Источен плански регион.

*Изработил: Никола Илиев*

*Конторлирал/Одобрил: Вишна Шорова-Ангелова*

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево,Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново - Облешево

Член 1

Советот на Општина Штип го утврдува предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево поднесен од Градоначалникот на Општина Штип со бр. 22-2358/1 од 08.04.2022 год., за вршење на работи во рамки на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион “.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука, процената од потребата за воспоставување на МОС за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Штип се доставува до Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево на прифаќање и усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3266/1
19 мај 2022 година
Штип

Совет на општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019") Советот на Општина Виница на 10-та седница одржана на 27.06.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Советот на општина Штип, број 08-3266/1 од 19.05.2022 година, поднесен од Градоначалникот на општина Штип (за вршење на работите од член 22 од ЗЛС во врска со проектот „Дигитализација на општинските услуги во источен плански регион"), помеѓу општина Штип, општина Берово, општина Виница, општина Делчево, општина Зрновци, општина Карбинци, општина Кочани, општина Македонска Каменица, општина Пехчево, општина Пробиштип и општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Виница.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ОПШТИНА ВИНИЦА